# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.152 од 03.09.2015 година**

### Член 1

Во Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија" број 5/1998, 89/2008, 116/2010 и 187/13) во членот 12 пред зборот „Управен" се додава бројот „(1)".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за култура преку инспекторите за култура согласно Законот за културата.".

### Член 2

Во членот 13 став (1) зборовите: „1000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

### Член 3

Во членот 13-а став (1) зборовите: „до 6.000" се бришат.

Во ставот (3) зборовите: „до 6.000" се бришат.

### Член 4

По членот 13-б се додаваат два нови члена 13-в и 13-г, кои гласат:

### „Член 13-в

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

### Член 13-г

(1) За прекршоците од членовите 13 и 13-а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.

(5) Инспекторот за култура е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за култура ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог."

**Член 5**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".